Јавно претпријатие за стопанисување
со државните шуми
МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О.
Бр. 02-160/2
23-06-2017 201__ год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

*По Годишна сметка за период 01.01.- 31.12.2016 година*

| | |
|---|---|
| **Назив на субјектот:** ................................ | **ЈП."Македонски шуми" п.о.,. Скопје** |
| **Седиште на субјектот:** ............................ | **ул "Перо Наков ",128 , Скопје** |
| **Даночен број :** ........................................ | **4030998338949** |

ЈП "Македонски шуми" е формирано со Одлука на Владата на Република Македонија бр.3028/1 од 15.12.1997 година, како правен следбеник на дотогашните претпријатија за стопанисување со шуми. Во моментот, во составот на јавното претпријатие стопанисуваат 30 подружници, чија основна дејност е стопанисување со шумите во државна сопственост. ЈП"Македонски шуми" користењето на шумите го врши плански согласно Посебните планови за стопанисување со шуми, на начин кој обезбедува трајно зачувување на нивната површина и зголемување на вредноста на шумите, постојано зголемување на нивниот прираст и принос како и зачувување и унапредување на нивните општокорисни функции кои се во насока на одржлив развој и унапредување на животната средина. Заштитните функции на шумите се остваруваат преку заштита на земјиштето и други објекти од ерозија, влијание на водниот режим и режимот на ерозивните наноси, заштита на хидромелиоративните системи и објекти, заштита на населби и објекти од јавен и локален интерес во државна и приватна сопственост. Производните функции пак на шумите се во насока на производство на дрво и други производи од шумата.

Вкупниот број на вработени во ЈП "Македонски шуми" за деловната 2016 година изнесува 2.373,во кој, според квалификационата структура, високостручниот кадар (Д-р, М-р, ВСС, ВШС ) учествува со 22,12%, а средностручниот и нискостручниот кадар ( ССС, СОЗ ) со 77.88%.

Цел на овој извештај е да се изврши објективно согледување на материјално-финансиските состојби во 2016 година.

Годишниот финансиски извештај е изготвен врз основа на Меѓународните сметководствени стандарди МСС, Меѓународните сметководствени финансиски извештаи МСФИ и Сметководствените деловни политики.

Во деловната 2016 година ЈП "Македонски шуми" оствари вкупен приход од 1.636.016 денари и вкупен расход од 1.630.020 денари, со што искажа добивка од 5.996 денари, или добивка за финансиската година (по оданочување) од 2.056 денари.

Во 000 ден.

| Елементи | Година 2015 | Година 2016 | Индекс |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | 1.777.109 | 1.636.016 | **0,92** |
| **Расходи** | 1.695.668 | 1.630.020 | **0,98** |
| **Загуба / добивка** | **81.441** | **5.996** | |

| **Година - 2016** | **Планирани** | **Остварени** | **% на оств.** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | 2.281.764 | 1.636.016 | **71,70%** |
| **Расходи** | 2.066.743 | 1.630.020 | **78,87%** |

**Вкупните приходи се состојат од:**

- Приходи од продажба на производи во износ од 1.406.446 денари за 2016 година и 1.528.034 денари за 2015 година;
- Останати приходи за 2016 година во износ од 227.981 денари, за 2015 година во износ од 249.075 денари. Останатите приходи опфаќаат:

Во 000 ден.

| Елементи | Година 2015 | Година 2016 |
|---|---|---|
| Приходи од конфискувана дрвна маса | 34.078 | 17.077 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | 276 | 6.503 |
| Приходи од укинување на долгорочни резервирања | 89.200 | 97.796 |
| Приходи од отписи на обврски | 14.484 | 51.685 |
| Приходи од вишоци | 467 | 570 |
| Приходи од минати години | 8.217 | 8.888 |
| Приходи од наплатени шумски штети | 52.147 | 20.649 |
| Приходи од учество во вложувања | - | - |
| Приходи од наплатени кусоци | 31 | 83 |
| Приходи од камати | 2.566 | 567 |
| Приходи од употреба на сопствени производи | 8.470 | 1.589 |
| Останати приходи | 1.793 | 1.222 |

# I. ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО 2016 ГОДИНА

- **Остварените вкупни приходи во 2016 год. во однос на планските проекции се помали за 28,30%.**

Планираните приходи од продажба на огревно дрво се остварени со 66,09%, од продажба на техничко дрво со 61,66%, а од продажба на отпадок после сеча со 81,11%. Процент на осварени приходи од продажба на огревно дрво и отпадок после сеча се должи на остварена продажба на 430.767,95 м3 огревно дрво и 16.763,08 м3 отпад. На остварувањето на планираните приходи од продажба на дрвни сортименти влијание има и новиот начин на продажба на дрвните сортименти: Договорно со склучување на годишни купопродажни договори и продажба од склад-малопродажба. Јавното претпријатие "Македонски шуми" – Скопје во декември 2015 година објави Повик за интерес за склучување на купопродажни договори за техничко и огревно дрво за 2016 година на веб страната на јавното претпријатие. Реализирани се 6 јавни огласи за продажба по пат на јавно наддавање. На основ на повикот и јавното наддавање реализирана е продажба на дрвни сортименти во 2016 година во вкупна количина од 548.329,48м3, од кои 100.798,45м3 техничко дрво и 430.767,95м3 огревно дрво (430.767,95м3 огревно дрво и 16.763,08м3 отпад). Освен склучените рамковни договори кои имаат важност од пет години со истите субјекти, се склучија и поединечни годишни купопродажни договори, во кои посебно се регулираа количините на дрвни сортименти за тековната година, квалитетот, цената, динамиката на снабдување, начинот на плаќање и други работи кои се од значење за годишните испораки.

- **Остварените приходи од расадничко производство се помали од планираните поради:**

Од вкупно произведениот саден материјал во 2016 год., произведени се вкупно 5.185.592 броја садници од сите возрасти на ниво на ЈП, од кои 3.464.527 броја садници се класично, а 1.736.215 броја се контејнерско производство. Од оствареното производство на саден материјал во 2016 год. е остварен вкупен приход од 33.420.846,00 денари, што претставува 33,70% од планираниот.

ЈП "Македонски шуми" од своите расадници го обезбедува најголемиот дел од потребниот шумски саден материјал за реализација на акцијата Ден на дрвото. Согласно Нацрт-записникот од петнаесеттата седница на Владата на РМакедонија, одржана на 15.03.2016 год. Владата го разгледа новиот текст од Информацијата за потребните подготовки за организирање на акцијата ,,Ден на дрвото-засади ја својата иднина,, во 2016 год. и ги усвои следните заклучоци:

1. ЈПМакедонски шуми во соработка со граѓанското здружение ,,Ден на дрвото – засади ја својата иднина,, да ги продолжат традиционалните активности во 2016 год. за реализација на 17-та акција ,,Ден на дрвото – засади ја својата иднина,, и 5-та акција, како дел од пролетната акција, насловена како ,,Садница + и 18-та акција за есенско масовно засадување, а кое ќе започне со промотивно засадување на локации на вкупна површина од 30 ха во пролетниот период. Пролетното пошумување е реализирано на 30ха и тоа на локалитети во подружниците во Свети Николе на 10ха, Демир Капија на 10ха и Велес на 10ха.

2. ЈПМакедонски шуми да одреди локации за пошумување и за есенската акција по Коридорот 10, да се одредат дополнителни 70ха површина за пошумување. Пошумувањето со шумски садници на предвидените локалитети се реализира од почетокот на Октомври се до моментот на поволните климатски услови и можности. Приоритетни локации за пошумување требаше да бидат најблиску и да ја следат автопатската делница од Коридорот 10 на потегот од Демир Капија-Смоквица. Изборот на дрвни видови за пошумување беше во зависност од климатските услови, надморската височина и фенологијата на садниците.Во зависност од местоположбата и почвените услови локалитетите за пошумување за есенската акција се подготвуваа механизирано во кордони (орање), рачна обработка на површините и изработка на дупки со моторни дупчалки.

Од предвидените шумскоодгледувачки работи со акцијата за пошумување "Ден на дрвото-засади ја својата иднина" се реализира есенското пошумување. Согласно ИЗВАДОК од Нацрт - записникот од Осумдесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 1.11.2016 година ,,ТОЧКА 92: заклучок 3, 4, и 5 и Извадок од Нацрт – записникот од Осумдесеттата седница на Владата на Република Македонија одржана на 1.11.2016 година ,,ТОЧКА 60: заклучок 2 за реализација на акцијата за пошумување ,,Ден на дрвото – засади ја својата иднина,, есен 2016 година.

1. Се укажува на ЈП,,Македонски шуми,, – Скопје да обезбеди 1.260.575 броја садници за пошумување на утврдените локации на вкупна површина од 503,89 хектари на целата територија на Република Македонија;

2. Се укажува на ЈП,,Македонски шуми,, да обезбеди, да отстапи 1.000.568 броја садници за Град Скопје кои ќе се засадат во урбаните делови на општините на Град Скопје и засадување на страничните делови (косини ) на обиколницата околу Град Скопје;

3. Се укажува на ЈП,,Македонски шуми,, - Скопје да отстапи 150.000 броја садници за Општина Битола, кои садници се за засадување вон урбаните делови и 100 во урбаните делови;

4. Се укажува на ЈП,,Македонски шуми,, - Скопје да отстапи 100.000 броја садници за Општина Тетово, кои садници се за засадување вон урбаните делови и 100 во урбаните делови;

5. Се укажува на ЈП,,Македонски шуми,, - Скопје да отстапи 100.000 броја садници за Општина Кичево, кои садници се за засадување вон урбаните делови и 100 во урбаните делови;

6. Се укажува на ЈП,,Македонски шуми,,- Скопје да отстапи 4.000 леандри за засадување на следните локации: 2.000 леандри во средишниот дел на автопатската делница од Коридорот 10 на потегот ,,Демир Капија-Смоквица и 2.000 леандри во Општина Дојран.

Врз основа на реализација на акцијата за пошумување ,,Ден на дрвото,, есен 2016 година, од страна на Државниот Инспекторат за шумарство и ловство по извршените теренски увиди за пошумените површини, изготвени се Записници за површините на кои се извршени шумскоодгледни работи – пошумување.

Од предвидените 503,89 хектари за пошумување и засадување на 1.260.575 броја шумски садници, со акцијата ,,Ден на дрвото,, есен 2016 година, реализирани се 325,12 хектари со 810.937 шумски садници или 64% реализација од предвидените површини за пошумување.

Од страна на вработените во Македонски шуми – дирекција на 30.11.2016 година, кога е и предвиден денот за пошумување ,,Ден на дрвото,, извршено е и пошумување на одредена должина локација мв. Кондово од обиколница, на косини каде се засадени 10.000 броја садници од багрем.

Во делот на реализација на акцијата за пошумување ,,Ден на дрво,, а во согласност на укажувањата на Владата на РМ(Комитет за здравје и животна средина и МЖСПП) за преотстапување на садници за засадување на садници вон урбани делови и во урбаните делови и тоа за Град Скопје и општините Кичево, Битола и Тетово, како превентивна мерка од аерозагадување, кое е со висока концентрациона моќ и негативни влијанија врз животната средина.

Реализацијата на акцијата ,,Ден на дрвото-засади ја својата иднина,, е верификувана со Одлука Бр. 02-828/3-1 од 08.11.2016 година од страна на Управниот Одбор на Македонски шуми, со која се задолжува директорот на претпријатието преку стручните служби во Секторот за економско финансиско работење да изврши фактурирање на Министерството за замјоделство, шумарство и водостопанство, согласно изготвен записник од страна на Државниот инспекторат за шумарство и ловство за извршено пошумување, во износ од 19.507.200,00 ден. Отстапувањето на дендродекоративни садници е верификувано со Одлука Бр.02-

828/3 од 08.11.2016 година од страна на Управниот Одбор на Македонски шуми и согласно Програмата за работа на претпријатието за 2016 год. се предвидени како приход. Затоа согласно Одлуката од Управен одбор извршено е фактурирање на Министерството за замјоделство, шумарство и водостопанство за отстапените садници врз основа на документ за подигнати садници по цена согласно важечкиот ценовник во ЈП Македонски шуми-Скопје на денот на фактурирањето во износ од 3.944.421,00 денари.

Во реализацијата на акцијата ,,Ден на дрвото-засади ја својата иднина,, традиционално секоја година вклучени се Гранична полиција со испостави **РЦ за ГР ЈУГ; РЦ за ГРИСТОК; РЦ за ГР СЕВЕР** и **РЦ за ГР ЗАПАД** и **Царинска управа** со засадување на садници кое се врши на пограничните премини и царинските испостави помеѓу Република Македонија и соседните држави.

- **Остварените приходи од фарми и лов** се помали од планираните поради тоа што во Годишниот план за 2016г. планирани се и приходи од комерцијален лов од странски ловци, меѓутоа истите не се реализирани.
- **Остварените приходи од други шумски производи** се помали од планираните поради следното:

Во Годишниот план е планирано издавање на дозволи за собирање на други шумски производи на физички лица (собирачки дозволи) и склучување на договори со правни лица за преотстапување на собирањето и откупот на други шумски производи, преку откупни пунктови, со надомест. Притоа, приходите од издадени дозволи за собирање на физички лица се евидентираат во тековната година, додека приходите од правни лица се евидентираат наредната година, по извршена пресметка и фактура на вкупно откупени количини и наплатени износи, согласно важечкиот Ценовник на ЈП. Во однос на потребата на пазарна валоризација на сите шумски ресурси и за целосно искористување на сите можности кои ги дава шумата, особено во поглед на искористувањето на другите шумски производи, се наметнува потребата од производство и собирање на лековити и ароматични растенија, со што шумите и шумските подрачја би биле поквалитетно вреднувани. Од продажба на други шумски производи и од дозволи во 2016 год. остварен е приход во износ од 1.313.018,00 денари.

Капацитетот на погонот за хидродестилација во подружницата Ш.С.,,Малешево,, - Берово, според техничко-технолошките можности се движи од 7.000 до 10.000 кгр. етерични масла, во зависност од суровината која се преработува. Во текот на деловната 2016 година погонот Хидродестилара има

остварено приход од продажба на етерично масло од сина смрека во износ од 352.616,00 денари, кои се на к-то приходи од други шумски производи.

- **Остварени приходи од маркирање (во приватни шуми):**

Зголемени во однос на планските проекции за 46,92%, **а** произлегуваат од реализирање на планираните активности за 2016 година, Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ Бр.160 од 31 октомври 2014 год.) во член 92 и 97 стопанисувањето со приватните шуми го вршат сопствениците, а услугите за извршување на стручните работи од областа на шумарството ги вршат Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми ,,Македонски шуми,, и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

- **Остварени приходи од проширена репродукција на шуми:**

Согласно Програмата што ја донесува Владата на Република Македонија и согласно Буџетот на РМ за 2016 година (Службен весник на РМакедонија бр.209/15год.) Раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2-Шумарство, Потпрограма 20-Шумарство, Ставка 485- вложувања и нефинансиски средства, се утврдува изворот и износот на средствата, видот и обемот на работите и мерките кои се финансираат, извршителите на работите, како и начинот на користење на средствата за извршени работи во 2016 година. Средствата од оваа програма се искористени за следните работи:

1. а)**Пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници** првенствено на локации со поголема површина и кои се во состав или во непосредна близина на постоечките шуми. Извршител на работите беше ЈПМакедонски шуми на површина од 50ха во вкупен износ од 3.000.000,00 денари или 60.000,00 ден по ха. б) Нега на шумски култури со прореди на површина од 80ха во вкупен износ од 1.200.000,00 ден или 15.000ден по ха. За реализација на оваа мерка од Програмата извршителите на работите доставуваат до МЗШВ за секоја работа посебна оперативно-стручна програма, во која се наведуваат основните податоци за локалитетот и подетални податоци за обемот и видот на работата, техниката, времето на реализација на работите; Исплатата на средствата за реализација на работите на оваа програма се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителите на работите и преку јавна набавка.

Во деловната 2016 година ЈП,,Македонски шуми,, има приходи од проширена репродукција на шумите во вкупен износ од 4.200.000,00 ден. затоа што согласно Програмата за проширена репродукција на шуми (Сл. Весник на РМ бр. 2 од 8 јануари и бр.190 од 17 октомври 2016г.) има склучени Договори помеѓу

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителот на работите ЈП Македонски шуми – Скопје, за пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници Бр.03-14/325 од 31.10.2016 год.(бр.19-75242 од 31.10.2016 год.), како и Договор за нега со прореди бр.03-14/326 од 31.10.2016 год. (бр.19-9613/2 од 31.10.2016 год.)

2. **Заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници** кои можат да загрозат поголеми шумски простори, се иврши преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) за шумите во РМакедонија и преку следење на состојбата на шумите на биоиндикаторските точки поставени на 16 километарска мрежа на територијата на РМ. Шумарскиот факултет–Скопје до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, доставува Извештај за здравствената состојба на шумите во РМакедонија за 2016 година со предлог мерки и Извештај за здравствената состојба на шумите на биоиндикаторските точки на територијата на РМ за 2016 година;

Согласно Програмата за проширена репродукција предвидено беше и сузбивање на растителни болести и штетници во шуми и шумски култури и на површини во кои е извршена мелиорација на деградирани шуми и шикари, кое се врши со авионско третирање за сузбивање на штетникот боров четник во боровите шуми и шумски култури на површина од околу 9.300 ха во повеќе региони во РМакедонија; Предвиденото авионско третирање на штетникот боров четник во боровите шуми и шумски култури во 2016 год. не се изврши.

- **Остварени приходи од проста репродукција на шуми:**

Во 2016 година ЈП,,Македонски шуми,, има оварено приходи од **проста репродукција на шуми согласно** членот 94 од Законот за шуми, каде е регулиран начинот на издвојување и користење на средствата за проста репродукција на шумите. Средства за проста репродукција на шуми издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума. Овие средства се издвојуваат на посебна сметка и се користат за одгледување и заштита на постојните шуми, за изградба на шумски патишта, за техничко опремување заради вршење на работи за заштита на шумите и изработка на планови за стопанисување со шумите. Средствата за одгледувачки активности и заштита на постојните шуми изнесуваат до 60% од висината на средствата издвоени за проста репродукција на шумите. Средствата за проектирање и изградба на шумски патишта, техничко опремување заради вршење на работи за заштита на шумите и за изработка на планови за стопанисување со шумите, изнесуваат до 40% од висината на средствата издвоени за проста репродукција на шумите.

Средствата издвоени за проста репродукција се строго наменски. За секоја извршена работа од областа на простата репродукција на шумата се изготвува ситуација. Во рок од 5 дена од нејзиното изготвување, ПШС со писмен допис го повикува инспекторот за шумарство и ловство да изврши теренски увид и да ја потпише ситуацијата за извршена работа. Врз основа на приложените ситуации за извршени работи по вид на одгледувачка работа ЈП,,Македонски шуми,, има оварено приход од проста репродукција на шуми во износ од 97.586.032,00 денари.

- **Остварените останати приходи** се значително поголеми од планираните поради фактот што во текот на годината се оствариjа и приходи кои не беа воопшто планирани, како што се:

➢ Отпис на обврски и наплатени отпишани побарувања - 63.525.238,00 ден.,
➢ Приходи од поранешни години - 7.302.242,00 ден.,
➢ Приходи од извршени услуги – превоз значително зголемени во однос на планираните – 17.862.857,00 ден.

- **Остварени приходи на Дирекција:**

Во 2016 година се остварени приходи од:

➢ Приходи од наплата на шумски штети - 19.348.310,00 ден.;
➢ Приходи од концесии - 13.258.178,00 ден.;
➢ Приходи од ловство - 901.742,00 ден.;
➢ Приходи од наплатени отпишани побарувања – 2.023.473,00 ден.;
➢ Приходи од поранешни години по разни основи – 1.585.854,00 ден.;
➢ Други приходи – 514.389,00 ден.

Прилог: Табела 14 од Извештајот за работењето за 2016 год.

## II. ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ - СПОРЕДБА 2016/2015 ГОДИНА

**Остварените вкупни приходи во споредба со 2015 година се намалени за 8%.**

**Отстапувања се јавуваат кај следните позиции:**

**а) Приходите од продажба на дрвни сортименти се помали за 8% кај огревното дрво и 9% кај техничкото дрво. Намалените приходи од продажба на дрвни сортименти произлегуваат** од намалената **продажба** која во споредба со минатата година е **помала** во апсолутен износ за 26.393,04 м3. Индексот на остварена продажба на техничко дрво е 0,96, или во апсолутен износ продажбата на техничко дрво е намалена за 4.074,11 м3, а за огревното дрво е 0,96, или во

апсолутен износ продажбата на огревно дрво со отпад после сеча е намалена за 22.318,93 м3;

б) Остварените **приходи од расадничко производство се поголеми во споредба со минатата година во износ за** 18.329.689,00 ден. **поради фактот што** ЈП "Македонски шуми" од своите расадници го обезбедува најголемиот дел од потребниот шумски саден материјал за реализација на акцијата Ден на дрвото, Согласно ИЗВАДОК од Нацрт - записникот од Осумдесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 1.11.2016 година ,,ТОЧКА 92: заклучок 3, 4, и 5 и Извадок од Нацрт – записникот од Осумдесеттата седница на Владата на Република Македонија одржана на 1.11.2016 година ,,ТОЧКА 60: заклучок 2 за реализација на акцијата за пошумување ,,Ден на дрвото – засади ја својата иднина,, есен 2016 година. Врз основа на реализација на акцијата за пошумување ,,Ден на дрвото,, есен 2016 година, од страна на Државниот Инспекторатот за шумарство и ловство по извршените теренски увиди за пошумените површини, изготвени се Записници за површините на кои се извршени шумскоодгледни работи – пошумување;

в) **Остварените приходи од фарми и лов** - помали се поради фактот што оваа година приходите од комерцијален лов од странски ловци се реализирани во помал број;

г) **Остварените приходи од други шумски производи** се поголеми во споредба со 2015 год. поради фактот што приходите од издадени дозволи за собирање на физички лица се евидентираат во тековната година, додека приходите од правни лица се евидентираат наредната година, по извршена пресметка и фактура на вкупно откупени количини и наплатени износи, согласно важечкиот Ценовник на ЈП;

д) Остварените **приходи од маркирање во приватни шуми - намалени во однос на минатата година,** Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ Бр.160 од 31 октомври 2014 год. член 92 и 97), **а** произлегуваат од реализирање на планираните активности за 2016 година. Работите кои се однесуваат на заштита и користење на приватни шуми ги вршат самите сопственици. Стопанисувањето со приватните шуми се врши врз основа на донесени посебни планови за стопанисување, програми или критериуми за стопанисување со шумите во приватна сопственост. Посебните планови и програми за стопанисување со шумите во приватна сопственост ги донесуваат сопствениците

на шумите, а ги одобрува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството;

ѓ) **ЈП Македонски шуми има приходи од проширена репродукција на шуми** во 2016 година во вкупен износ од 4.200.000,00 ден. затоа што согласно Програмата за проширена репродукција на шуми (Сл.Весник на РМ бр. 2 од 8 јануари и бр.190 од 17 октомври 2016г.) има склучени Договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителот на работите ЈП Македонски шуми – Скопје, за пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници Бр.03-14/325 од 31.10.2016 год.(бр.19-75242 од 31.10.2016 год.), како и Договор за нега со прореди бр.03-14/326 од 31.10.2016 год. (бр.19-9613/2 од 31.10.2016 год. Во 2015 година ЈП,,Македонски шуми,, нема приходи од проширена репродукција на шумите затоа што согласно Програмата за проширена репродукција на шуми (Сл. Весник на РМ бр. 155/2014г.) не беа предвидени извршувања во делот на шумскокултурни работи (пошумување на голини и ерозивни земјишта, нега на шумски култури со прореди и отстранување на последиците од шумски пожари);

е) Остварени **приходи од проста репродукција на шумите** - поголеми се за 11% поради фактот што во 2016 година се зголемени одгледувачките работи по вид на извршена работа и тоа во делот на пошумување на голини (од 2ха во 2015г. на 12,50ха во 2016г.), во делот на потсејување (од 96,23ха во 2015г. на 152,83ха во 2016г.), во делот на гаснење на пожар (од 168,70ха во 2015г. на 605,68ха во 2016г.), во делот на заштита од болести и штетници (од 8.065,30ха во 2015г. на 19.456,30ха во 2016г.), во делот на изработка на ППСШ (од 11 броја во вредност од 8.501.006,00 ден. во 2015г. на 13 броја во вредност од 15.425.399,00 ден. во 2016г.). Остварените приходи од проста репродукција на шуми по ситуации за извршена работа влегуваат во вкупниот остварен приход во Годишната сметка на ниво на претпријатие;

ж) Остварени останати приходи – поголеми се за 29% најмногу поради отпис на обврски и наплатени отпишани побарувања, (во 2016 – 65.616.242,00 ден; во 2015 – 14.237.048,00 ден.) и останати неспомнати деловни приходи (во 2016 – 9.097.897,00 ден; во 2015 – 2.208.583,00 ден.);

з) Остварени приходи на Дирекција - помали за 66% најмногу поради намалени приходи од концесии (во 2016 – 13.258.178,00 ден; во 2015 –

27.675.074,00 ден) и шумски штети (во 2016 – 19.361.913,00 ден; во 2015 – 50.743.550,00 ден).

Прилог: Табела 16 од Извештајот за работењето за 2016 г.

**Вкупните расходи се состојат од :**

- Потрошени материјали, енергија и ситен инвентар за 2016 година во износ од 115.686 денари (7,09% од вкупните трошоци), а за 2015 година во износ од 122.235 денари (7,21% од вкупните трошоци);

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2015 | 2016 |
| Потрошени материјали | 25.176 | 23.977 |
| Потрошени резервни делови | 17.279 | 17.530 |
| Отпис на ситен инвентар | 3.310 | 4.268 |
| Потрошена енергија | 76.469 | 69.912 |

- Трошоци на вработените за 2016 година во износ од 857.257 денари (52,59% од вкупните трошоци), а за 2015 година во износ од 792.598 денари (46,74% од вкупните трошоци);

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2015 | 2016 |
| Бруто – плати (на ниво на ЈП) | 748.902 | 798.777 |
| Надоместоци на вработени (на ниво на ЈП) | 43.696 | 58.480 |

- Амортизација за 2016 година во износ од 45.487 денари (2,79% од вкупните трошоци), а за 2015 година во износ од 39.557 денари (2,33% од вкупните трошоци);

- Резервирања на трошоци и ризици за 2016 година во износ од 130.523 денари (8% од вкупните трошоци), а за 2015 година во износ од 120.753 денари (7,12% од вкупните трошоци);
- Останати расходи за 2016 година во износ од 481.067 денари (29,51% од вкупните трошоци), а за 2015 година во износ од 620.525 денари (36,59% од вкупните трошоци).

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2015 | 2016 |
| Транспортни услуги | 240.538 | 228.107 |
| Надворешни услуги за изработка на производи | 97.867 | 121.588 |
| Услуги за одржување и заштита | 8.175 | 9.290 |
| Трошоци за закупнини | 13.213 | 20.380 |
| Останати услуги | 40.128 | 16.985 |
| Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | 16.645 | 1.632 |
| Вредносно усогласување на залихите | / | 29 |
| Дневници за службени патувања | 152 | 155 |
| Трошоци за промоција, пропаганда, реклама, репрезентација и спонзорство | 1.893 | 984 |
| Премии за осигурување | 1.157 | 1.178 |
| Даноци кои не зависат од резултатот | 2.061 | 2.540 |
| Банкарски услуги | 1.264 | 1.258 |
| Останати нематеријални трошоци | 2.327 | 1.948 |
| Кусоци | 957 | 845 |
| Казни, пенали и надомест на штети | 1.662 | 1.716 |
| Трошоци од минати години | 41.703 | 28.669 |
| Трошоци за камати | 2.983 | 1.509 |

## III. ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ВО 2016 ГОДИНА

Остварените вкупни расходи во 2016 година во однос на планските проекции се помали за 21,13% поради тоа што:

а) **Расходите (особено оние што се поврзани, или произлегуваат од процесот на производство)** се во корелација и го следат процентот на остварување на производството како што се:

- потрошени суровини и материјали, енергија и резервни делови,
- услуги (сеча, дотур, превоз со утовар и растовар),

- долгорочни резервирања (проста репродукција на шуми),

Средствата кои се издвојуваат за проста репродукција на шуми се во висина од 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума и зависат од вкупно посечената дрвна маса;

б) **Амортизација** - зголемувањето произлегува од фактот што во планот пресметуваме и вкалкулираме само амортизација по тековни пресметки, додека за идните набавки не можеме да предвидиме и да вкалкулираме износи;

в) Отпис на побарувања - во текот на годината се оствариja и расходи кои не беа воопшто планирани, како што се отписот на побарувања во износ од 5.839.310,00 денари;

г) **Надоместоци на работниците** — зголемувањето од 83,87% произлегува од зголемени трошоци за исплата на јубилејни награди (планирани 732.846ден., остварени 4.510.436ден.), регрес за годишен одмор (нема планирано, а остварени се 11.180.306ден.) и надомест за теренски додаток (планирани 21.823.519ден., остварени 29.772.787ден.);

д) Проширена репродукција на шуми

Средствата кои се издвојуваат за проширена репродукција на шуми се во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума и зависат од вкупно посечената дрвна маса;

ѓ) Бруто плати - зголемени за 2,58% поради различно утврдениот коефициент за пресметка на плата кој е променлив и варира, а според член 53 од Колективниот договор се определува врз основа на физички и финансиски параметри од работењето во зависност од извршувањето на планираните активности кои се предвидени со Програмата за работа за тековната година;

**е) Останати трошоци** се зголемени за 68,80% во делот на:

- Наемнини - од планирани 2.035.362,00 денари на остварени 16.994.577,00 денари.
- Судски трошоци - од планирани 11.157.458,00 денари на остварени 19.695.430,00 денари.
- Расходи од поранешни години - од планирани 14.740.000,00 денари на остварени 28.147.373,00 денари.

ж) Трошоците на Дирекција се помали од планираните за 11,14%.

Позначителни намалувања во однос на планираното се забележува кај следните позиции:

- Трошоци за суровини и материјали (планирани средства 2.350.000,00 ден. – остварени 1.424.569,00 ден.);
- Трошоци за резервни делови за булдожери, дигалки, зглобни трактори, патнички возила, за одржување на ситен инвентар и друга опрема ((планирани средства 1.250.000,00 ден. – остварени 134.460,00 ден.);
- Трошоци за ПТТ-услуги, мобилна и фиксна телефонија (планирани средства 9.250.000,00 ден. – остварени 6.276.508,00 ден.);
- Трошоци за плати и надоместоци на плата (планирани средства 50.000.000,00 ден. – остварени 44.662.010,00 ден.);
- Останати расходи од работењето-дополнително утврдени расходи од поранешни години (планирани средства 5.100.000,00 ден. – остварени 521.720,00 ден.).

Од друга страна пак, кај следните расходни позиции се забележуваат незначителни зголемувања во однос на планираните средства:

- Трошоци за услуги за одржување и заштита (планирани средства 2.370.000,00 ден. – остварени 3.000.154,00 ден.);
- Останати трошоци за вработените (отпремнина при заминување во пензија и трошоци за помош на вработени) планирани средства 300.000,00 ден. – остварени 1.173.371,00 ден.

Прилог: Табела 15 од Извештајот за работењето за 2016 год.

## IV. ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ - СПОРЕДБА 2016/2015 ГОДИНА

**Остварените вкупни расходи во споредба со 2015 година се намалени за 4%.**

**Отстапувања се јавуваат кај следните позиции:**

- **Потрошени резервни делови - овие трошоци се зголемени за 16%** и најголем дел од нив припаѓа на трошоци за резервни делови за камиони, булдожери и трактори, кои се неопходни во процесот на производство, но како резултат на тоа имаме зголемено производство;

- Трошоците за сеча и дотур се зголемени за 24%, односно за 13% како резултат на зголеменото производство и тоа сечата за 6% и дотурот за 13%.

- **Останатите услуги се** зголемени за 34%, во најголем дел како резултат на зголемени трошоци за наемнини – закупи по основ на склучени договори за сеча и дотур, како и поради расходот што се јавува оваа година, а се однесува на данок на добивка по Решение за утврдување на данок на добивка донесено од страна на УЈП бр. 050515770109/1 од 30.12.2016г.;

- Долгорочни резервирања – Проста репродукција на шуми зголемени се и издвојувањата за проста репродукција на шуми за 8%, кои се пресметуваат во законски определен процент од посечената дрвна маса франко шумски склад, а согласно член 94 од Законот за шуми;

- Амортизација е зголемена за 13% од причини што претпријатието во 2016год. има реализирано голем број инвестиции на кои се пресметува амортизација, и тоа:

- Инвестиции во делот на информатичката технологија за ставање во функција на електронски систем за следење на дрвната маса од: ознака за сеча, фаза сеча, фаза дотур, фаза превоз од шума до склад на ЈП "Македонски шуми", од склад на ЈП "Македонски шуми" до склад на правни лица регистрирани за промет на дрва и дрвни сортименти и од склад на ЈП "Македонски шуми" и правните лица регистрирани за промет на дрва до крајниот купувач во износ од 32.518.443 денари;
- Инвестиции во основни средства – градежни машини (булдожери) во 2016 год. набавени се 6 булдожери, во вредност од 36.385.350 денари. Отворањето на шумите со патишта е предуслов за навремено и квалитетно извршување на поставените производни задачи. Во изминатата година отварањето како и прочистувањето на патната мрежа се извршуваше само со ангажирање на сопствена механизација, при што се намалува цената на чинење при изградбата на шумски патишта по км. На тој начин се избегнува постапката отворен повик – тендер која трае доста долго и повеќе не се објавува тендер за изградба на шумски патишта. Со соодветни шумски комуникации се овозможува поефтин и побрз превоз, зголемена ефикасност во заштитата на шумите од пожари, растителни болести и штетници, подобрување на превозот на работниците, како и отворање на шумите за користење на други шумски производи;
- Инвестиции во униформи за шумочуварската служба со 360 комплети униформи, чанти, опасачи, и футроли за пиштол, како и 89 стоп палки, во износ од 5.638.315,00 денари, кои се ставаат во употреба како долгогодишни набавки (Согласно Правилникот за службена униформа, легитимација и видот на службеното вооружување што го носат припадниците на шумочуварската служба и начинот на користење на службеното оружје –

"Сл. весник на РМ", бр. 112/15). Согласно **Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите** (Сл.в.на РМ, бр.160 од 31.10.2014г.) член 81-д, став 1, припадниците на шумочуварската служба носат службена униформа и легитимација и вооружени се со службено оружје.

- **Надоместоци на работници** – зголемени се за 28% како резултат на зголемени трошоци за исплата на јубилејни награди (во 2016г. исплатени се јубилејни награди за 2013, 2014, 2015 и 2016 год.), теренски додаток (заради вработувањата на 279 секачи и дотурачи на определено време) и задолжителни здравствени прегледи (кои според Законот за административни службеници се обавуваат на две години);
- Проширена репродукција на шуми - зголемени се и издвојувањата за проширена репродукција на шуми за 6%, кои се пресметуваат во законски определен процент од посечената дрвна маса франко шумски склад, а согласно член 95 од Законот за шуми;
- **Бруто плати** – зголемени за 7% поради различно утврдениот коефициент за пресметка на плата кој е променлив и варира, како и поради фактот што во 2015 година работниците на одредено време во фазите сеча и дотур почнаа со работа од месец 04-2015 година, додека во 2016г. работеа цела година.

Прилог: Табела 17 од Извештајот за работењето за 2016 год.

Вкупната актива/пасива за деловната 2016 година изнесува 59.738.647 денари, а за деловната 2015 година изнесува 60.050.023 денари;

Капиталот заедно со резервите на 31.12.2016 година изнесува 58.661.514 денари, а на 31.12.2015 година изнесува 58.968.706 денари, и ги опфаќа следните позиции:

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | **2015** | **2016** |
| Основен капитал | 5.940.384 | 5.940.684 |
| Резерви | 53.632.445 | 53.245.315 |
| Загуби | **-895.899** | **-819.537** |

**Краткорочните обврски со 31.12.2016 / 31.12.2015 година се искажани во табелата:**

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2015 | 2016 |
| Обврски спрема добавувачи | 186.514 | 213.783 |

**Останати краткорочни обврски :**

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2015 | 2016 |
| Нето- плати | 45.549 | 44.137 |
| Даноци од плати | 3.104 | 2.493 |
| Придонеси од плати | 19.223 | 19.118 |
| ДДВ | 178.428 | 103.643 |
| Обврски по Закон за шуми | 179.250 | 222.450 |
| Персонален данок и други даноци | 7.124 | 10.717 |
| Придонеси | - | - |
| Данок од добивка | 9.950 | 20.680 |
| Обврски за неисплатени надоместоци спрема вработени | 22.185 | 30.840 |

Долгорочни обврски за 2016 година во износ од 24.804 денари, а за 2015 година во износ од 25.534 денари.

**Краткорочните побарувања заклучно со 31.12.2016 година изнесуваат:**

- Побарувања од купувачи – 115.541 денари (2016 год.);
- Побарувања од купувачи – 413.577 денари (2015 год.);
- Останати краткорочни побарувања:

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2015 | 2016 |
| Побарувања на надомест на штети и останато | 142 | 897 |
| Побарувања од вработени за кусоци | 33.723 | 26.773 |
| Побарувања од вработени по останати основи | 6.998 | 6.544 |
| Побарувања од вработени за гориво | - | - |
| Побарувања од државата | 140.707 | 160.215 |

## Насоки за работењето во 2017 година

Раководството на ЈП "Македонски шуми" во 2017 година ќе ги превземе следните мерки и активности заради подобрување на севкупното работење на Јавното претпријатие:

- Спроведување на Програмата за работа на ЈП "Македонски шуми" за 2017 година;
- За реализација на планските задачи за изградба, реконструкција и прочистување на патишта со сопствена механизација ЈП во 2017г. ќе набави основни средства: бандез машинки за палетирање на огревно дрво-пакетари и од механизацијата вилушкари-трактори и набавување на теренски возила-џипови 19 броја;
- Изградба и реконструкција на градежни објекти во производство, расадници и ловишта;
- Набавка на информатичка опрема;
- Во 2017 година ЈП "Македонски шуми" процентот на реализација на годишниот сечив етат ќе го зголеми со ангажирање на дополнителен број сопствени работници (на одредено време) во фазите сеча и дотур;
- Огревното дрво за физички лица од државна нискостеблеста шума ќе се жигосува со различен жиг, со што истото нема да може да се препродава, затоа што ќе се разликува од нашите производи;
- Зголемување и подобрување на квалитетот на производите преку примената на светските стандарди и искуства;
- Зголемуваwе на работната и технолошката дисциплина;
- Намалување на општите и трошоците на производство и зголемување на економичноста;
- Во извршувањето на услуги од страна на надворешни извршители ќе се ангажираат фирми кои се обврзани да поседуваат лиценци за шумско - културни работи за активностите сеча и дотур;
- Имплементација на електронски систем за следење на движење на дрвна маса од: ознака за сеча, фаза сеча, фаза дотур, фаза превоз од шума до склад на ЈП "Македонски шуми", од склад на ЈП "Македонски шуми" до склад на правни лица регистрирани за промет на дрва и дрвни сортименти и од склад на ЈП "Македонски шуми" и правните лица регистрирани за промет на дрва до крајниот купувач;

- **Спроведување на ценовникот за продажба на дрвни сортименти и воведување нови начини на продажба;**
- **Нови методи на продажба и начини на плаќање;**
- **Продажба на техничко дрво на правни субјекти со склучување на рамковен договор со поднесување на апликација до 31.01.2017 год. и продажба на техничко дрво на правни субјекти со годишен договор од 01.02.-01.03.2017 год., под услови согласно Правилникот за продажба на дрвни сортименти;**
- **Продажба на огревно дрво на правни субјекти (здруженија, синдикати и субјекти кои огревното дрво го користат во процесот на производство и за затоплување)** Сите заинтересирани правни субјекти (здруженија, синдикати и субјекти кои огревното дрво го користат во процесот на производство и за затоплување) кои имаат намера да склучат договори за купопродажба на огревно дрво за 2017 година, својот интерес да го достават во вид на барање (апликација) **најдоцна до 01.02.2017 год. во подружниците на ЈП;**
- **Продажба на огревно дрво на правни субјекти кои се регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти. Сите заинересирани правни субјекти кои се регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти и имаат намера да склучат договори за купопродажба на огревно дрво за 2017 год. својот интерес да го достават во вид на барање најдоцна до 31.03.2017 год. во дирекцијата на ЈП;**
- **Продажба на огревно дрво на физички лица (пензионери и инвалиди), како и физички лица од социјално ранливи категории (социјални случаи, лица со попреченост во развојот, деца без родители, самохрани родители, стечајни работници, семејства на бранители, членови на семејства на вработени кои загинале при работа). Сите заинересирани социјално ранливи категории кои имаат намера да склучат договори за купопродажба на огревно дрво за 2017 год. својот интерес да го достават во вид на барање најдоцна до 31.03.2017 год. во подружниците на ЈП;**

- **ЈП "Македонски шуми" да превзема активности за заштита на шумите;** преку систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се обезбеди опстанок на шумите, зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, пожари, растителни болести и штетници, бесправни сечи, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања;
- **Вршење анализа на работењето на Подружниците на Јавното претпријатие и превземање на соодветни мерки за нивното работење;**

- Наградување и стимулирање на Подружниците во Јавното претпријатие кои даваат исклучителен придонес од работењето;
- Наплата на средствата по основ на акцијата "Ден на дрвото -васади ја својата иднина";
- Во 2017 ќе продолжи имплементацијата на светските стандарди за производство според ИСО 9001: 2008;
- Во 2017 ќе продолжи воведувањето и примената на ИТ- стратегија, а одредбите од истата ќе се реализараат во период од 3 години почнувајќи од 2016 год.;
- Борба против криминогените појави и злоупотребата на службените должности;
- Зголемување на финансовата дисциплина, согласно законските прописи и актите на ЈП "Македонски шуми";
- Доследно спроведување на законската регулатива во сите области на работењето на ЈП "Македонски шуми";
- Зголемување на соработката со државните институции;
- Примена на нови научни и практични сознанија во технолошките процеси на производството;

Доколку раководството успее да ги постигне и оствари поставените цели, успесите и резултатите од работењето би биле поголеми.

Скопје,
15.03.2017 г.

ЈП "Македонски шуми" - Скопје
Директор,
Жарко Караџоски

## 1.2.1. Планирани и остварени приходи по видови во 2016г.

Табела 14

| Видови приходи | ИЗНОС | | % на |
|---|---|---|---|
| | Планирано | Остварено | оствар. |
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2 |
| * Приходи од продажба на огревно дрво | 1.493.115.042 | 986.806.289 | 66,09 |
| * Приходи од продажба на техничко дрво | 456.149.770 | 281.263.683 | 61,66 |
| * Приходи од продажба на остаток после сеча | 23.956.900 | 19.430.411 | 81,11 |
| * Приходи од расадничко производство | 99.160.300 | 33.420.846 | 33,70 |
| * Приходи од фарми и лов | 5.330.200 | 2.299.755 | 43,15 |
| * Приходи од други шумски производи | 5.277.730 | 1.665.634 | 31,56 |
| * Приходи од маркирање | 40.421.495 | 59.388.478 | 146,92 |
| * Приходи од проширена репродукција | 0 | 4.200.000 | 0,00 |
| * Приходи од проста репродукција | 117.437.278 | 97.586.032 | 83,10 |
| * Останати приходи *) | 40.914.932 | 112.322.720 | 274,53 |
| * Приходи на Дирекција | 0 | 37.631.946 | 0,00 |
| ВКУПНИ ПРИХОДИ : | 2.281.763.647 | 1.636.015.794 | 71,70 |

## 1.2.2. Планирани и остварени расходи по видови во 2016г.

Табела 15

| Видови расходи | ИЗНОС | | % на |
|---|---|---|---|
| | Планирано | Остварено | оствар. |
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2 |
| * Потрошени суровини и материјали, енергија и резервни делс | 169.031.468 | 107.349.884 | 63,51 |
| * Услуги | 727.253.754 | 392.272.021 | 53,94 |
| - Сеча | 196.502.456 | 121.501.964 | 61,83 |
| - Дотур | 226.674.668 | 134.142.953 | 59,18 |
| - Превоз со утовар и растовар | 208.059.044 | 94.645.265 | 45,49 |
| - Услуги за одржување и заштита и други услуги | 96.017.586 | 41.981.839 | 43,72 |
| * Долгорочни резервирања - Проста репродукција на шуми | 176.730.568 | 130.522.644 | 73,85 |
| * Амортизација | 25.671.771 | 37.656.336 | 146,68 |
| * Отпис на побарувања | 0 | 5.839.310 | 0,00 |
| * Надоместоци на работниците | 28.475.689 | 52.359.529 | 183,87 |
| * Проширена репродукција | 52.210.855 | 39.539.981 | 75,73 |
| * Бруто плати | 735.157.529 | 754.114.899 | 102,58 |
| * Останати трошоци **) | 54.614.394 | 92.187.437 | 168,80 |
| * Промена на вредноста на залихите | 0 | -68.548.704 | 0,00 |
| * Трошоци на Дирекција | 97.597.000 | 86.727.130 | 88,86 |
| ВКУПНИ РАСХОДИ : | 2.066.743.028 | 1.630.020.467 | 78,87 |

* **Во останати приходи влегуваат :** Приходи од продажба на трговска стока, приходи од извршени услуги - превоз, приходи од продажба на материјали и резервни делови, приходи од поранешни години, приходи од донации и субвенции, приходи од отпис на обврски, приходи од наплатени шумски штети, неспомнати деловни приходи, приходи од изработка на ППСШ и ПЛО и други приходи.

** **Во останати трошоци влегуваат :** Отпис на ситен инвентар, дневници за службени патувања, трошоци за репрезентација, трошоци за договори за дело, надоместоци за стручно образование, трошоци за списанија, судски трошоци, набавна вредност на продадени стоки и материјали, отпишани побарувања, дополнително утврдени трошоци од минати години, камати и други нематеријални трошоци.

### 1.2.3. Споредбени податоци за остварени приходи по видови 2016/2015

Табела 16

| Видови приходи | ИЗНОС 2015 | ИЗНОС 2016 | Индекс |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2 |
| * Приходи од продажба на огревно дрво | 1.068.258.162 | 986.806.289 | 0,92 |
| * Приходи од продажба на техничко дрво | 308.198.771 | 281.263.683 | 0,91 |
| * Приходи од продажба на остаток после сеча | 21.463.328 | 19.430.411 | 0,91 |
| * Приходи од расадничко производство | 15.091.157 | 33.420.846 | 2,21 |
| * Приходи од фарми и лов | 3.009.005 | 2.299.755 | 0,76 |
| * Приходи од други шумски производи | 1.198.837 | 1.665.634 | 1,39 |
| * Приходи од маркирање | 73.359.533 | 59.388.478 | 0,81 |
| * Приходи од проширена репродукција | 0 | 4.200.000 | 0,00 |
| * Приходи од проста репродукција | 87.576.975 | 97.586.032 | 1,11 |
| * Останати приходи* | 87.202.958 | 112.322.720 | 1,29 |
| * Приходи на Дирекција | 111.750.428 | 37.631.946 | 0,34 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ :** | **1.777.109.154** | **1.636.015.794** | **0,92** |

### 1.2.4. Споредбени податоци за остварени расходи по видови 2016/2015

Табела 17

| Видови расходи | ИЗНОС 2015 | ИЗНОС 2016 | Индекс |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2 |
| * Потрошени суровини и материјали | 23.076.315 | 22.552.350 | 0,98 |
| * Потрошена енергија | 73.327.216 | 67.402.354 | 0,92 |
| * Потрошени резервни делови | 14.947.854 | 17.395.180 | 1,16 |
| * Сеча | 97.722.462 | 121.501.964 | 1,24 |
| * Дотур | 118.712.603 | 134.142.953 | 1,13 |
| * Превоз со утовар и растовар | 122.243.191 | 94.645.265 | 0,77 |
| * Трошоци за ПТТ-услуги | 821.120 | 620.754 | 0,76 |
| * Услуги за одржување и заштита | 7.218.557 | 6.290.508 | 0,87 |
| * Трошоци за пошумување и маркирање | 7.673.930 | 7.012.174 | 0,91 |
| * Останати услуги | 26.781.718 | 35.991.425 | 1,34 |
| * Долгорочни резервирања - Проста репродукција на шуми | 120.557.950 | 130.522.644 | 1,08 |
| * Амортизација | 33.368.715 | 37.656.336 | 1,13 |
| * Отпис на побарувања | 14.055.167 | 5.839.310 | 0,42 |
| * Трошоци за службени патувања | 88.662 | 87.397 | 0,99 |
| * Надоместоци на работниците | 40.969.944 | 52.359.529 | 1,28 |
| * Трошоци за репрезентација, реклами и спонзорства | 938.306 | 604.932 | 0,64 |
| * Проширена репродукција | 37.471.316 | 39.539.981 | 1,06 |
| * Бруто плати | 702.003.818 | 754.114.899 | 1,07 |
| * Останати трошоци **) | 85.956.372 | 83.562.086 | 0,97 |
| * Промена на вредноста на залихите | 43.275.846 | -68.548.704 | -1,58 |
| * Трошоци на Дирекција | 124.456.838 | 86.727.130 | 0,70 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ :** | **1.695.667.900** | **1.630.020.467** | **0,96** |

* **Во останати приходи влегуваат:** Приходи од продажба на трговска стока, приходи од извршени услуги - превоз, приходи од продажба на материјали и резервни делови, приходи од поранешни години,приходи од донации и субвенции, приходи од отпис на обврски, приходи од наплатени шумски штети, неспомнати деловни приходи и други приходи. Износите на наведените останати приходи се прикажани во Табела 29а, страна 81.

** **Во останати трошоци влегуваат** : Отпис на ситен инвентар, трошоци за договори за дело, надоместоци за стручно образование, трошоци за списанија, судски трошоци, набавна вредност на продадени стоки и материјали, дополнително утврдени трошоци од минати години, отпишани побарувања, камати и други нематеријални трошоци.